# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 25.12. 2009 ГОДИНА БРОЈ 07 - 2009 ГОДИНА ДОЛНЕНИ | Жиро-ска 300020000212077 Д.Б.6021067000004 Тел: 048/453-210 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување Заклучок Квартален извештај од 01.01.2009-30.09.2009 год. на Општина Долнени.**

1. Се прогласува Заклучок Квартален извештај од 01.01.2009-30.09.2009 год. на Општина Долнени. бр. 07- 1830/2 донесена од советот на Општина Долнени на ден 25.12.2009 год.
2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.

**Бр.08-1834/1** **Градоначалник**
**29.12.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**
**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 став 1 точка 33 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени" бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 25.12.2009 год. ја донесе следната:

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на квартален извештај од 01.01.2009 до 30.09.2009 год. на општина Долнени**

**член 1**

Советот на Општина Долнени го разгледа квартален извештај за работата на општина Долнени, кој го усвој како што е приложен.

**член 2**

Кварталниот извештај се доставуваа до Градоначалникот , Министерство за финансии и општинската администрација.

**член 3**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавен во службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување Буџет за 2010 година на општина Долнени.**

1. Се прогласува Буџет за 2010 година на општина Долнени. бр. 07- 1830/3 донесена од советот на Општина Долнени на ден 25.12.2009 год.
2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.

**Бр.08-1834/2** **Градоначалник**
**29.12.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**
**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 став 1 точка 4 од Статут на општина Долнени („Службен гласник бр. 8/05), Советот на општина Долнени, на седницата одржана на ден 25.12.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на буџетот на општина Долнени за 2010 година**

**член 1**

За работата на локалната самоуправа на општина Долнени, и функционирање на сите незини сегменти, а по предлог на Градоначалникот е донесен Буџетот на општина Долнени за 2010 година.

**член 2**

Реализацијата на Буџетот на општина Долнени ќе отпочне од 01.01.2010 година, а ќе трае до 31.12.2010 година.

**член 3**

Одлуката ќе биде објавена во службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за извршување на буџетот на општина Долнени за 2010 год.**

1. Се прогласува Одлука за извршување на буџетот на општина Долнени за 2010 година. бр. 07- 1830/4 донесена од советот на Општина Долнени на ден 25.12.2009 год.
2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.

**Бр.08-1834/3** **Градоначалник**

**29.12.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ." Бр.5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на РМ". Бр. 61/2004 и 96/2004 и 67/2007) член 42 од Законот за Државни службеници(Сл.Весник наРМ бр.59/00...36/07), Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници за 2009 година и член 28 од Статутот на општина Долнени ("Службен гласник на Општината Долнени бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на 25.12.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За извршување на Буџетот на Општина Долнени за 2010 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Долнени за 2010 година (во понататамашниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен Буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на наменски дотации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземат обврски.

За да се превземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на буџетот на општината.

Градоначалникот на општината, во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основниот буџет се реализираат на повисоко ниво од планот, може да изврши дополнителни отплати на главнина и камати на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот, градоначалнокот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот , најдоцна до 15-ти ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспроделба меѓу расходните ставки, програми и подпрограми по предходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци на ниво на ставка во рамките на буџетот не можат да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донацииi/или буџетот на дотации,

планираните приходи и други приливи не се реализират односно се реализират над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојување на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно платите се утврдуваат за : избраните и именуваните лица појдовната основа за 1 коефицент изнесува 26.253 по вработен во Републиката. За вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите изнесува 75,3 денари, а за останатите вработени по Законот за работни односи. Со промена на Одлуката за вредноста на коефициентот и вредноста на бодот од страна на Владата на РМ, истите ќе се променат.

**Член 10**

Исплатата на плати на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.Буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет се должни два дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработени по име и презиме , бруто и нето плата како и други податоци во пишана електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и др.) за односниот месец за кој се однесува за исплатата.

**Член 11**

Надоместок за транспорт на луѓе по претходно дадена писмена изјава се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км од работното место во висина од 1,7 ден. по километар квадратен.

На вработените кои врз официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работно место не им следува надомест за транспорт.

**Член 12**

Согласно член 62 став 2 алинеја 1 од Законот за државни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.108/05) е уредено правото на надоместок на државните службеници за патни, дневни и други трошоци за службени патувања.

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 800 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во трање од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

**Член 13**

Во делот на исплата на надоместоци во Одлуката за извршување на буџетот на општина Долнени, се утврдуваат следните одредби:" Во случај на боледување подолго од шест месеции во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасувае, на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен".

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа,во случај на смрт на член од потесно семејство(родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоени деца и децата земени на издржување) доколку живеел во заедница , му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000,00 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината локалната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација лична карта или пасош.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната,односно,во наредната година.

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и

донесено решение од стрсна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во буџетот на општината во Потпрограма Д0, Градоначалник подставка 413110 тековни резерви (разновидни расходи).

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеа 2 и став 2 од Законот за исплата на плати и во буџетот на општината се планират во Потпрограма Градоначалник, подставка 464940, трансфери при пензионирање.

**Член 14**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функците на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 ЕУР каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 15**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот.

Градоначалникот самостојно може да донесе решение за поединечна исплата во висина од 50.000,00 денари.

За искористените средства градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 16**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во пооделните програми и попрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 17**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуват испразнети работни места само под услов , ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување-согласност за обезбедените средства, по предходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизацијата.

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет, се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината, Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации ќе се дава за :

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РМ за тековната фискална година, писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барањето на ресорното Министерство;
- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на општината за тековната фискална година, писмено известувањеќе даде Градоначалникот на општината.

**Член 18**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенство на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежности им припаѓа на други органи.

**Член 19**

Буџетот на Општина Долнени се извршува од 01.01.2010 год. до 31.12.2010 година.

**Член 22**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Долнени”, а ќе се применува од 01 јануари 2010 година.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за измени и дополнување на Одлуката бр.07-535/2 од 15.04.2008 год. За основање на центарот за Пелагониски плански регион.**

1. Се прогласува Одлука за измени и дополнување на Одлуката бр.07-535/2 од 15.04.2008 год. За основање на центарот за Пелагониски плански регион бр. 07- 1830/5 донесена од советот на Општина Долнени на ден 25.12.2009 год.
2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.

**Бр.08-1834/4** **Градоначалник**

**29.12.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 став 1 точка 43 од Статутот на општина Долнени („Сл.гласник на општина Долнени" бр.8/05) а согласно член 24,25 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл.весник на РМ" бр.63/07), Советот на општи на Долнени на седницата одржана на ден 25.12.2009 год. ја донесе следната:

О Д Л У К А

За измени и дополнување на Одлуката
Бр.07-535/2 од 15.04.2008 год.за основање
На центарот за Пелагониски плански регион

Член 1

Во Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион („Службен гласник на Општина Долнени" бр.4/08) се менува член 6 и гласи:

„За раководител на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

- ги исполнува општите услови за вработување, според Законот за работни односи;
- има завршено ВИИ степен – високо образование;
- има познавање за рамномерниот регионален развој и системот на локална самоуправа, има познавање од англиски јазик, работа со компјутер и искуство со работа на домашни и меѓународни проекти.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Долнени".

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука ПРЕДЛО Урбанистички план вон населено место Новоселани: Стопански комплекс - комерцијални И деловни намени, КП 307, општина Долнени, плански период 2008-2009.**

1. Се прогласува Одлука ПРЕДЛО Урбанистички план вон населено место Новоселани: Стопански комплекс - комерцијални И деловни намени, КП 307, општина Долнени, плански период 2008-2009.бр. 07- 1830/6 донесена од советот на Општина Долнени на ден 25.12.2009 год.
2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.

**Бр.08-1834/5** **Градоначалник**

**29.12.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 26 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (``Сл.весник на РМ``бр.51/05, 24/08 и 91/09), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (``Сл.весник на РМ``бр.05/02) и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени``бр.08/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 25.12.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување ПРЕДЛОГ Урбанистички план вон населено место Новоселани:**

**Стопански комплекс – за комерцијални и деловни намени, КП 307, општина Долнени, плански период 2008-2018**

**Член 1**

Се донесува Предлог Урбанистички план вон населено место Новоселани: Стопански комплекс – за комерцијални и деловни намени, КП 307, општина Долнени, плански период 2008-2018 (во натамошниот текст-Планот), како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука, изработен од ДООЕЛ``Дизајн Центар Инженеринг``-Кавадарци.

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:

- Југоисточната граница на опфатот оди по југоисточната граница на КП бр. 307 до пресечната точка со оската на регионалниот пат Р 513 Прилеп – Македонски Брод;

- Североисточната граница на опфатот оди по осовината на регионалниот пат Р 513 Прилеп – Македонски Брод;

- Северозападната граница на опфатот започнува од пресечната точка со оската на регионалниот пат Р 513 Прилеп – Македонски Брод и ја следи северозападната граница на КП бр. 307 по целата нејзина должина;

- Југозападната граница на опфатот оди по југозападната страна на КП бр. 307 до пресечната точка со југоисточната граница односно до почетната точка на планскиот опфат.

Вака опишаниот опфат е со вкупна површина од 1,13ха**.**

**Член 2**

Планот од членот 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Одлука на Совет на општина Долнени за изработка на Планот бр.07-671/4 од 20.05.2008 год.;
- Услови за планирање на просторот бр.32908 од декември 2008 год.;
- Решение за услови за планирање на просторот бр.15-1484/1 од 13.02.2009 год.;
- Нацрт План бр.2404/08 од декември 2008 година, изработен од ДООЕЛ``Дизајн Центар Инженеринг``-Кавадарци;
- Извештај за извршена Стручна ревизија на Нацрт Планот, бр.2419/09 од 23.01.2009 година, изготвен од АД за урбанизам, проектирање и инженеринг ``З У М``-Скопје;
- Извештај за постапување по забелешките од Стручната ревизија, бр.03-2531 од 26.01.2009 година, изработен од ДООЕЛ``Дизајн Центар Инженеринг``-Кавадарци;
- Стручно мислење од Министерство за транспорт и врски на РМ, бр.17-1980/1 од 12.02.2009 год.;
- Извештај по Стручното мислење, бр.03-2655 од 14.05.2009 година, изработен од ДООЕЛ``Дизајн Центар Инженеринг``-Кавадарци;
- Одлука на Советот на општина Долнени за утврдување на Нацрт Планот, бр.07-858/4 од 25.06.2009 год.;
- Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Планот, бр.03-145/12 од 26.06.2009 год.;
- Соопштение за организирање на јавна презентација, јавна анкета и стручна консултација, бр.03-145/13 од 26.06.2009 година, објавено во печатен медиум;
- Записник од Јавна презентација и Стручна консултација по

Нацрт Планот, бр.03-145/18 од 31.07.2009 год.;

- Извештај од спроведена Јавна анкета по Нацрт Планот, со осврт на Јавната презентација, бр.03-145/22 од 17.08.2009 год.;
- Известување за постапување по Извештајот од спроведената јавна презентација и јавна анкета, бр.03-145/28 од 25.09.2009 год.;
- СОГЛАСНОСТ од Министерство за транспорт и врски на РМ – Сектор за уредување на просторот, бр.17-11603/3 од 10.11.2009 год.
- Комплетен примерок од Предлог Планот, бр.2404/08 од септември 2009 г., изработен од ДООЕЛ``Дизајн Центар Инженеринг``-Кавадарци, кој содржи:

## 1. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА:

### 1.1. Текстуален дел

- Географско одредување на подрачјето на планскиот опфат
- Геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
- Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
- Податоци за создадените вредности и чинители во планскиот опфат на земјиштето во рамките на планскиот опфат
- Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната супраструктура
- Инвентаризација и заштита на природното и културното наследство
- Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура
- Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби
- Анализа на влијанијата врз животната средина
- Резиме на можностите за просторниот развој
- Резиме, студии и анализи, и степен на истраженост на просторот
- Извод од план од повисоко ниво
- Нумерички показатели на документационата основа

### 1.2. Графички прилози

1.2.1. Местоположба на планскиот опфат ——————— Р=1:1000
1.2.2. Ажурирана геодетска подлога - ——————— Р=1:1000
1.2.3. Инвентаризација на постоен градежен фонд
и постојна инфраструктура —— ——————— Р=1:1000
1.2.4. Инвентаризација на бесправно изградени
објекти ——————— ——————— Р=1:1000

## 2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

### 2.1. Текстуален дел

- Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
- Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
- Текстуални одредби од изводот на План од повисоко ниво
- Планска програма како резултат од анализите на постојната состојба
- Опис и образложение на планскиот концепт за просторен развој
- Опис и образложение на планските решенија за изградба на сообраќајна инфраструктура
- Опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална инфраструктура
- Економско образложение за реализација на планските решенија

- Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
- Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
- Мерки за заштита
- Мерки за заштита на животната средина
- Мерки за заштита од пожар
- Мерки за заштита од воени разурнувања
- Мерки за заштита од природни непогоди
- Нумерички показатели на површините во планираната состојба на градбите и инфраструктурата
- Билансни показатели на планираната состојба

**2.2. Графички прилози**

2.2.1. План на намена на земјиштето —————————— Р=1:1000

2.2.2. Регулационен план и план на површини за градење — Р=1:1000

2.2.3. Сообраќаен план и нивелмански план ——————— Р=1:1000

2.2.4. Инфраструктурен план ——————————————— Р=1:1000

2.2.5. Синтезен приказ на планските решенија ————— Р=1:1000

**Член 3**

Планот се заверува во рок од 8 (осум) дена од денот на донесувањето, во 7 (седум) примероци од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив, еден примерок се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со печат и потпис ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Долнени.

**Член 4**

Советот на општина Долнени е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон.

Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Член 5**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Долнени.

**Член 6**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планор се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ``Сл.гласник на општина Долнени``.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Заклучок за прогласување Квартален извештај од 01.01.2009 до 30.09.2009
2. Квартален извештај од 01.01.2009 до 30.09.2009
3. Заклучок за прогласување Буџет за 2010 го. На општина Долнени.
4. Буџет за 2010 го. На општина Долнени.
5. Заклучок за прогласување Одлука за извршување на Буџетот на општина Долнени за 2010 година.
6. Одлука за извршување на Буџетот на општина Долнени за 2010 година.
7. Заклучок за прогласување Одлука за измени и дополнување на Одлуката бр. 07-

535/2 од 15.04.2008 год. За основање на центарот за пелагониски плански регион.

8. Одлука за измени и дополнување на Одлуката бр. 07-535/2 од 15.04.2008 год. За основање на центарот за пелагониски плански регион

9. Заклучок за прогласување Одлука за донесување на Предлог Урбанистички план вон населено место Новоселани, Стопански комплекс за комерцијални деловни намени. КП 307 општина Долнени плански период 2008-2009

10. Одлука за донесување на Предлог Урбанистички план вон населено место Новоселани, Стопански комплекс за комерцијални деловни намени. КП 307 општина Долнени плански период 2008-2009

**Печати Општина Долнени - Тираж 25 примероци.**

**Издава на служба на Општина Долнени.**

**Главен и одговерен уредник: Абдула Бајрамоски.**

**Изготвил: Исмет Ќамили.**